ГРАНИТ

www.granit.com.mk

**Надзорен одбор на ГД Гранит**

Дата: 09.03.2021
Наш број: 12-1868

Предмет: Достава на Годишен извештај

Почитувани,

Во прилог на овој допис Ви доставувам годишен извештај за работење на Службата за внатрешна ревизија за 2020 година

Со почит,

Директор на Служба за внатрешна ревизија
Тодор Шендов, д.г.и.


**ГД ГРАНИТ АД СКОПЈЕ**
granit@granit.com.mk | Тел: +389 2 3218 700 | Факс:+389 2 3217 976
Димитрие Чуповски 8, 1000 Скопје, Македонија

**СЛУЖБА ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА**
revizijagranit@granit.mk | Тел: +389 2 3218 714 | Факс:+389 2 3217 976
Димитрие Чуповски 8, 1000 Скопје, Македонија

Ф 6.2/3

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ**
за работење на
СЛУЖБАТА ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА
за 2020 година

Март, 2021

**Листа за дистрибуција на Извештајот**

Надзорен Одбор:
Ивана Милковска - Симева
Виолета Божиновска
Горан Марковски

# С О Д Р Ж И Н А

1. Вовед

2. Преглед на извршени редовни и вонредни ревизии

3. Останати активности на Службата за внатрешна ревизија

4. Наоди и дадени препораки за надминување на констатираните слабости, статус и степен на имплементација на препораките

5. Оценка на адекватноста на системите на внатрешна контрола

6. Мислење за соодветни заклучоци и препораки за подобрување на состојбите

7. Табеларен приказ на наоди и препораки од ревизорските извештаи и степен на нивната имплементација

**1. Вовед**

Врз основа на Законот за трговски друштва (Сл. Весник 28/2004) член 415 а и член 415 б член 415 в, Правилникот за работа на Службата за внатрешна ревизија на ГД Гранит АД Скопје и предадениот и прифатен План на Службата за внатрешна ревизија за 2020 година бр. 12-1561 од 14.02.2020 година, Службата за внатрешна ревизија до Надзорниот одбор на ГД Гранит АД Скопје доставува Годишен извештај за нејзиното работење во 2020 година.

Во Извештајот се опфатени основните активности на Службата за внатрешна ревизија кои се однесуваат на:
1. Опис на извршени редовни и вонредни ревизии во Друштвото и неговите организациони единици;
2. Опис на останати активности на Службата за внатрешна ревизија, реализација на поставени цели на Службата, наоди и дадени препораки за надминување на констатираните слабости и степен на имплементација на препораките, оценка на адекватноста на системите на внатрешна контрола и мислење со соодветни заклучоци и препораки за подобрување на состојбата;
3. Оценка на планираното време во контролата и отстапувањата по однос на доставениот План за 2020 година
Во Извештајот како Прилог се дава и:
- Табеларен приказ на наоди и препораки од ревизорските извештаи и степен на нивната имплементација

**2. Преглед на извршени редовни и вонредни ревизии**

По извршениот мониторинг на предадените ревизорски извештаи за 2019 година, степенот на реализацијата на дадените препораки, од страна на Службата за внатрешна ревизија е изготвен и предаден Годишен извештај за работата на Службата за 2019 година со број 12-3238 од 17.03.2020 и истиот е прифатен од Надзорниот одбор на Друштвото.
По завршување на првото шестомесечје од 2020 година, изготвен е и доставен Полугодишен извештај за работењето на Службата за внатрешна ревизија до Надзорниот одбор на Друштвото. Предадениот Полугодишен извештај е одобрен од страна на Надзорниот одбор со одлука број 12-13089 од 10.12.2020 година.

Во текот на 2020 година од страна на Службата за внатрешна ревизија изготвен е Годишен извештај за работењето на Службата за внатрешна ревизија за 2019 година, Полугодишен извештај за работење на Службата за период од 01.01.2020 до 30.06. 2020 година, План за ревизија на СВР за 2020 година, извештај за недостаток на екстра лесно гориво во стопански двор Битола, 11 Извештаи за утврдување на неправилност при пресматка на плати согласно Одлука на Управен одбор број 12-4113 од 29.03.2018 година, извештај за состојбата на планинарска куќа Голак, Извештај за проценка и анализа на матерјали за потребите на РЕ Автопат Свети Николе- Штип, како и подготовка и достава на листа на технички норми кој се користат при изработка на месечни налози за плата.

Сите изработени документи се доставени до релевантните органи на управување со Друштвото, до Секторот за правни, кадровски и општи работи и до ОЕ/РЕ/Сектори опфатени во ревизорските извештаи. Спроведените ревизии и предадените извештаи од страна на Службата за внатрешна ревизија се прикажани во табеларен приказ за 2020 година.
Во изготвениот табеларен преглед јасно се прикажани извршените ревизии, временскиот период на изготвување на истите и органите до кои е извршена дистрибуција на соодветните ревизорски извештаи за 2020 година.

Табеларен преглед на извршени ревизии во текот на 2020 година

| Р.бр. | Назив на извештајот | Број | Датум | Доставен до |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Годишен план за ревизија за 2020 година | 12-1516 | 14.02.2020 | Надзорен одбор на ГД Гранит АД Скопје |
| 2 | Годишен извештај за работење на Службата за внатрешна ревизија за 2019 година | 12-3238 | 17.03.2020 | Надзорен одбор на ГД Гранит АД Скопје |
| 3 | Извештај за контрола на налози за плата за месец Декември 2019 | 12-209/1 | 15.01.2020 | Кабинет на генерален директор/сектор за оператива |
| 4 | Извештај за контрола на налози за плата за месец Јануари 2020 | 12-1827 | 20.02.2020 | Кабинет на генерален директор/сектор за оператива |
| 5 | Извештај за контрола на налози за плата за месец Март 2020 | 12-3905/1 | 15.04.2020 | Кабинет на генерален директор/сектор за оператива |
| 6 | Извештај за контрола на налози за плата за месец Април 2020 | 12-5057 | 18.05.2020 | Кабинет на генерален директор/сектор за оператива |
| 7 | Извештај за недостаток на екстра лесно гориво во стопански двор Битола | 12-4768 | 12.05.2020 | Надзорен одбор на ГД Гранит АД Скопје / Сектор за правни и кадровски работи, ОЕ Нискоградба Западен регион |
| 8 | Извештај за контрола на налози за плата за месец Мај 2020 | 12-6305 | 15.06.2020 | Кабинет на генерален директор/сектор за оператива |
| 9 | Извештај за контрола на налози за плата за месец Јуни 2020 | 12-7361/1 | 16.07.2020 | Кабинет на генерален директор/сектор за оператива |
| 10 | Извештај за состојба на објект планинарска куќа Голак | 12-6786 | 29.06.2020 | Надзорен одбор на ГД Гранит АД Скопје / Сектор за правни, кадровски и општи работи |
| 11 | Полугодишен извештај за работење на Службата за внатрешна ревизија за период од 01.01-30.06 2020 | 12-8345 | 10.08.2020 | Надзорен Одбор на ГД Гранит АД Скопје |

ГД ГРАНИТ АД СКОПЈЕ
granit@granit.com.mk | Тел: +389 2 3218 700 | Факс:+389 2 3217 976
Димитрие Чуповски 8, 1000 Скопје, Македонија

СЛУЖБА ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА
revizijagranit@granit.mk | Тел: +389 2 3218 714 | Факс:+389 2 3217 976
Димитрие Чуповски 8, 1000 Скопје, Македонија

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 12 | Извештај за контрола на налози за плата за месец Јули 2020 | | 17.08.2020 | Кабинет на генерален директор/сектор за оператива |
| 13 | Извештај за проценка и анализа на матерјали набавени за потреби на РЕ Автопат Свети Никиле- Штип | | 29.09.2020 | Кабинет на генерален директор |
| 14 | Извештај за контрола на налози за плата за месец Август 2020 | | 15.09.2020 | Кабинет на генерален директор/сектор за оператива |
| 15 | Извештај за контрола на налози за плата за месец Септември 2020 | | 17.10.2020 | Кабинет на генерален директор/сектор за оператива |
| 16 | Извештај за контрола на налози за плата за месец Октомври 2020 | | 17.11.2020 | Кабинет на генерален директор/сектор за оператива |
| 17 | Подготовка и достава на листа на технички норми кој се користат при изработка на месечни налози за плата. | 12-12849 | 01.12.2020 | Сектор за оператива |
| 18 | Извештај за контрола на налози за плата за месец Ноември 2020 | | 18.12.2020 | Кабинет на генерален директор/сектор за оператива |

Извештаите за извршените ревизии и контроли се доставувани до релевантните организациони единици и сектори, Управниот и Надзорниот одбор на ГД Гранит АД Скопје.
Врз основа на доставените извештаи на Службата за внатрешна ревизија, Надзорниот одбор ги идентификуваше согледаните слабости во работењето, предлагаше рокови и начин за отстранување на истите, при што од страна на Надзорниот одбор се донесени заклучоци, одлуки, и се дадени соодветни препораки и мислења.

## 3. Останати активности на Службата за внатрешна ревизија

За извршените ревизии во текот на 2020 година, прифатени и одобрени од Надзорниот и Управниот одбор на Друштвото, Службата изврши мониторинг на степенот на имплементација на дадените препораки, согледување за надминување на констатираните неправилности и реализација на донесените заклучоци.
Од страна на работниот кадар на Службата, вложен е максимален напор за реализација и доследна примена на сите препораки, преку следење на терен, присуство на работни состаноци, давање на стручни мислења и реализација на дадените препораки и заклучоци.
Во 2020 година, по однос на одредени стручни прашања, вршени се консултации и давани се мислења, совети и напатствија на вработените и раководните лица во Друштвото.
За поуспешно реализирање на плановите и ревизиите се превземаат дополнителни мерки, се применуваат воспоставените стандарди и се врши континуирано професионално усовршување на кадарот вработен во Службата. Директорот на Службата за внатрешна ревизија од 2016 година е член на Здружението на внатрешни ревизори на Македонија, што овозможува да сите измени во законодавството и најновите достигнувања во областа на внатрешната ревизија бидат имплементирани во работењето на Службата за внатрешна ревизија на ГД Гранит АД Скопје.

До Управниот одбор на ГД Гранит АД Скопје е изготвен и доставен Годишен преглед на Интегрираниот систем за управување за 2019 година на 27.07.2020 година.
На 30.06.2020 година од страна на сертификационото тело Т-Церт Системс дооел Скопје се изврши надзорна проверка на интегрираниот систем за управување, со цел да се утврди дали Друштвото ги исполнило барањата на меѓународните норми и дека постапките и работата се во согласност со барањата пропишани во Стандардите за управување со квалитет ISO 9001:2015, Стандардот за управување со животна средина ISO 14001:2015 и Стандардот за управување со безбедност и здравје при работа ISO 45001:2018. По извршената проверка сертификационото тело издаде нови сертификати како доказ за исполнување на барањата на меѓународните норми согласно новите верзии на стандардите. Извршена е транзиција од OHSAS 18001:2007 во ISO 45001:2018 врз основа на новите барања и надградбата на ISO стандардите.
Во 2020 година, спроведените ревизии и останатите активности се реализирани од страна на Директорот на Службата.

**4. Наоди и дадени препораки за надминување на констатираните слабости, статус и степен на имплементација на препораките.**

Внатрешната ревизија во реализација на Годишниот план за 2020 година беше фокусирана на ефикасно и ефективно реализирање на планираните ревизии во рамки на расположивото време и овозможените човечки ресурси од страна на Надзорниот и Управниот одбор. Во 2019 година, најголем дел од планираните активности согласно доставениот и прифатен Годишен план на Службата за внатрешна ревизија е реализиран.

Службата за внатрешна ревизија во континуитет вршеше контроли кои се поврзани со севкупното работење на Друштвото, со што се покриени планираните сегменти и деловни процеси, оценети од страна на Службата како приоритетни.
Вака воспоставените наоди и процедури допринесуваат за намалување на ризиците во работењето, односно поставуваат стандарди за квалитетно, економично и ефикасно работење на Друштвото.

Сумарен извештај за наодите, препораките и статусот на нивната имплементација е прикажан во преглед во прилог на овој Извештај (Прилог 1 - Табеларен приказ на наоди и препораки од ревизорски извештаи и степен на нивна реализација). Истите се презентирани и доставувани до соодветните раководни структури на Друштвото, за редовно следење на нивното имплементирање.

Службата за внатрешна ревизија, како резултат на следење на реализација на дадените препораки, генерално укажува дека дадените препораки се почитуваат и спроведуваат со одредени исклучоци. Се наложува потребата сите Организациони единици, Сектори и Служби, во наредниот период целосно да ги имплементираат дадените препораки од страна на органите на Друштвото.

**5. Оценка на адекватноста и ефикасноста на системите на внатрешна контрола и мислење**

За поуспешна работа и остварување на поставените годишни цели на Службата односно нивно континуирано, точно и целосно извршување, системот на работа и активности на Службата постојано се менува и се прилагодува на промените во Законската регулатива, потребата од ревизија на одделни процеси на работењето во Друштвото и донесените акти на Друштвото.
Наодите и препораките од извршените контроли и ревизии упатуваат дека постојат одредени пропусти во контролираните процеси и укажуваат дека треба да се посвети внимание на нивното решавање, односно укажаните недостатоци и неправилности бидат благовремено отстранети и да не се повторуваат.
Внатрешната ревизија смета дека најголем дел од контролите кои се неопходни за да ги идентификуваат ризиците во работењето на Друштвото се воспоставени и функционираат, со констатација за потребата од поголема ангажираност и ефикасност во имплементација на дадените препораки, од страна на Менаџментот и вработените во Друштвото.

**6. Мислење за соодветни заклучоци и препораки за подобрување на состојбите**

Врз основа на извршените ревизии во периодот од 01.01.2020 - 31.12.2020 година во доставените извештаи до Надзорниот одбор на Друштвото, во континуитет се доставувани сите забележани неправилности, дадени се препораки со одредени временски периоди за отстранување на неправилноститити и носени се

заклучоци. Врз основа на изработениот преглед за наоди, препораки и степен на имплементација на дадените препораки, презентирани и предадени до соодветните структури на Друштвото, Службата препорачува имплементирање на сите дадени препораки. Вршено е континуирано следење на ревизорските извештаи и превземени се мерки и активности за нивна доследна примена во отстранување на одредени недоследности поврзани со градежни и други стандарди од дејноста на работата на Друштвото.

Вака воспоставениот начин на работа на Службата за внатрешна ревизија допринесува за намалување на ризиците во работењето при што се воспоставуваат стандарди за квалитетно, економично и ефикасно работење на Друштвото.

Службата за внатрешна ревизија во координација со Раководните структури и Органите на Друштвото, во идниот период ќе посвети особено внимание на проценката на значајните ризици во работењето на Друштвото, ќе предложи конкретни мерки и активности за навремено отстранување на овие појави на ризици во работењето на сите организациони делови во Друштвото.

- Прилог 1 - Табеларен приказ на наоди и препораки од ревизорски извештаи и степен на нивна реализација

Директор на Служба на внатрешна ревизија
Тодор Шендов, д.г.и.

**ПРИЛОГ 1**

**ПРЕГЛЕД НА НАОДИ И ПРЕПОРАКИ ОД РЕВИЗОРСКИТЕ ИЗВЕШТАИ ЗА ПЕРИОД ОД 01.01 - 31.12.2020**

| Р.бр. | Назив на извештајот | Датум на Извештај | Доставен до | Наод - краток опис | Препорака - краток опис | Рок за имплементација | Статус на имплементација | Процент на реал. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Извештај за контрола на налози за плата за месец Декември 2019 | 15.01.2020 | Кабинет на генерален директор/сектор за оператива | утврдени нерегуларности при изработка на месечни налози за плата | дадена препорака за надминување на воочените нерегуларности и неправилности | Веднаш | Целосно реализирана | 100% |
| 2 | Извештај за контрола на налози за плата за месец Јануари 2020 | 20.02.2020 | Кабинет на генерален директор/сектор за оператива | утврдени нерегуларности при изработка на месечни налози за плата | дадена препорака за надминување на воочените нерегуларности и неправилности | Веднаш | Целосно реализирана | 100% |
| 3 | Извештај за контрола на налози за плата за месец Март 2020 | 15.04.2020 | Кабинет на генерален директор/сектор за оператива | утврдени нерегуларности при изработка на месечни налози за плата | дадена препорака за надминување на воочените нерегуларности и неправилности | Веднаш | Целосно реализирана | 100% |
| 4 | Извештај за неддостаток на екстра лесни гориво во стопански двор Битола | 12.05.2020 | Надзорен одбор/сектор за правни и кадровски работи/ОЕ Нискоградба Запад | Утврден недостаток на екстра лесно гориво. | Дадени препораки за надминување на воочената неправилност и предлог за надомест на штета кон друштвото | Веднаш | Целосно реализирана | 100% |
| 5 | Извештај за контрола на налози за плата за месец Април 2020 | 18.05.2020 | Кабинет на генерален директор/сектор за оператива | утврдени нерегуларности при изработка на месечни налози за плата | дадена препорака за надминување на воочените нерегуларности и неправилности | Веднаш | Целосно реализирана | 100% |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 6 | Извештај за контрола на налози за плата за месец Мај 2020 | 15.06.2020 | Кабинет на генерален директор/сектор за оператива | утврдени нерегуларности при изработка на месечни налози за плата. | дадена препорака за надминување на воочените нерегуларности и неправилности | Веднаш | Целосно реализирана | 100% |
| 7 | Извештај за контрола на налози за плата за месец Јуни 2020 | 16.07.2020 | Кабинет на генерален директор/сектор за оператива | утврдени нерегуларности при изработка на месечни налози за плата | дадена препорака за надминување на воочените нерегуларности и неправилности | Веднаш | Целосно реализирана | 100% |
| 8 | Извештај за состојба на објект планинарска куќа Голак | 29.06.2020 | Надзорен одбор/сектор за правни и кадровски работи | Согледување на состојбата на објектот со цел утврдување на условите за продолжување на договор за закуп | дадена препорака за продолжување на договорот за закуп на објектот планинарска куќа Голак | Веднаш | Целосно реализирана | 100% |
| 9 | Извештај за контрола на налози за плата за месец Јули 2020 | 17.08.2020 | Кабинет на генерален директор/сектор за оператива | утврдени нерегуларности при изработка на месечни налози за плата | дадена препорака за надминување на воочените нерегуларности и неправилности | Веднаш | Целосно реализирана | 100% |
| 10 | Извештај за контрола на налози за плата за месец Август 2020 | 15.09.2020 | Кабинет на генерален директор/сектор за оператива | утврдени нерегуларности при изработка на месечни налози за плата | дадена препорака за надминување на воочените нерегуларности и неправилности | Веднаш | Целосно реализирана | 100% |
| 11 | Извештај за проценка и анализа на матерјали набавени за потреби на РЕ Автопат Свети Никиле- Штип | 29.09.2020 | Кабинет на генерален директор | Состојба на матерјали и основни средства набавени за потребите на РЕ Свети Николе- Штип | Дадени предлози за прераспределување на дел од матерјалите на други облекти, отпис,утрошок | Веднаш | Во тек | 40% |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 12 | Извештај за контрола на налози за плата за месец Септември 2020 | 17.10.2020 | Кабинет на генерален директор/сектор за оператива | утврдени нерегуларности при изработка на месечни налози за плата | дадена препорака за надминување на воочените нерегуларности и неправилности | Веднаш | Целосно реализирана | 100% |
| 13 | Извештај за контрола на налози за плата за месец Октомври 2020 | 17.11.2020 | Кабинет на генерален директор/сектор за оператива | утврдени нерегуларности при изработка на месечни налози за плата | дадена препорака за надминување на воочените нерегуларности и неправилности | Веднаш | Целосно реализирана | 100% |
| 14 | Подготовка и достава на листи за технички норми | 01.12.2020 | Сектор за оператива | Доставен список на технички норми кој се користат во месечните налози за плати а не се одобрени од Управен одбор | Цел на доставените норми да истите се одобрат од Управниот одбор и најдат практична примена при изработка на налозите за плата | Веднаш | Целосно реализирана | 100% |
| 15 | Извештај за контрола на налози за плата за месец Ноември 2020 | 18.12,2020 | Сектор за правни, кадровски и општи работи | Неправилно пополнување на товарни листови на дел од возачите во ОЕ Механизација-транспорт | Предлог мерки за отстранување на неправилности и поведување на дисциплински мерки | Веднаш | Целосно реализирана | 100% |